КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03 - 783/3
16. 02. 2015 год.
СКОПЈЕ

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Датум: 16 февруари 2015

Врз основа на член 39 став 4 и став 5 од Законот за градење и членовите 39, 45 и 46 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, дисциплинската комисија на Комората, во состав Благоја Тагасовски, Драги Јорданов и Христинка Матоска на 16 февруари 2015 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**по основ на дисциплинската постапка против Вангел Ткраљанов**

Поради прекршување на Законот за градење, и тоа член 39 став 5 поради изведба на објект без одобрение за градење, утврдено со записник од надлежен градежен инспектор од Општина Кочани број 35-196 од 3.10.2014 година, дисциплинската комисија при Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија донесе решение **да му се одземе овластувањето за изведба број 2.1466** на Вангел Тркаљанов.

Согласно член 39 став 8 од Законот за градење, Вангел Тркаљанов не може да добие овластување А и овластување Б за вршење на истите работи за кои се однесува одземеното овластување, **во рок од седум години** од денот на правосилноста на решението за одземање на овластувањето. Согласно ваквата законска одредба, одземеното овластување може да се обнови на 16 февруари 2022 година.

Согласно член 39 став 8 од Законот за градење, Тркаљанов е должен да го врати овластувањето во Комората во рок од 8 дена од правосилноста на оваа одлука. Согласно член 159-б од Законот за градење, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на Тркаљанов ако не го врати одземеното овластување во споменатиот рок.

Согласно член 39 став 6 од Законот за градење, против ваквата одлука, Вангел Тркаљанов нема право на жалба, туку може да покрене тужба до Управен суд во рок од 30 дена од добивањето на одлуката.

Претседател на дисциплинската комисија

Благоја Тагасовски